Кочо СИДОВСКИ

# ВОСТАНИЧКИ ДВИЖЕЊА НА БАЛКАНОТ И ВО МАКЕДОНИЈА ВО ТЕКОТ НА XVI И ПОЧЕТОКОТ НА XVII ВЕК И ИТАЛИЈАНСКИТЕ ДРЖАВИ

Уште пред последните децени на XVI век, османлиското владеење не само што предизвикало чувство на длабока огорченост и на спонтани појави на протест кај населението на балканските земји и во Македонија, туку кај одделни лица и социјални средини, кои внимателно ја следеле големата борба на европските држави со Османлиската империја, се јавувала и надеж за ослободување на нивните народи. Така во текот на 1535-1540 година меѓу Карло V, Венеција и папата била формирана лига, која започнала поморска војна против Сулејман Законодавецот. Таа нашла одглас кај балканските народи. Молдавскиот кнез Петру Рареш и српскиот пеќки патријарх вложиле напори нивните народи да се присоединат кон борбата на христијанските сили и на тој начин да го отфрлат османлиското господство. Од едно писмо на шпанскиот резидент на Венеција - Дионисио Дела Векиа, од 18 декември 1537 година се дознава за еден непознат податок. Кога дознале за создавањето на христијанската лига, српскиот патријарх и “Архиепископот на Бугарија” (Archiepiscopo de Bulgaria) (веројатно станува збор за Охридскиот Архиепископ), пристигнале во Венеција за да преговараат.[1] Според зборовите на Дела Векиа тие чувствувале “бескрајна радост и задоволство”, од тоа што бил изграден сојуз меѓу христијанските држави и од готовноста на молдавскиот кнез да се присоедини кон општата борба. Тие “топло го поттикнувале” шпанскиот претставник да влијае на императорот, за да “го подигне духот и да ги поткрепи убавите надежи” на нивните народи. Сите тие биле “во најголемо очекување да започне најпосле спомнатото дело”.[2]

[1] Михаил Йонов, Българските въстанически движения през XVI и началото на XVII век и Европа. Годишник на Софийския Университет “СВ. Климент Охридски”, Исторически факултет, том 81. София 1993, 87.

[2] Ibid.

По завојувањето на Кипар од страна на Османлиите, привремено биле надминати противречностите меѓу Венеција, Шпанија и Папската курија, кои склучиле “Света лига” со учество на Ѓенова и Малта. Војната траела близу три години (1570-1573). Борбите се воделе на копно и на море, а најголемата поморска битка во тоа време се одиграла кај Лепанто (денес Навпактос) во 1571 година каде османската флота била уништена... Поради меѓусебното несогласување сојузниците не можеле да извлечат некоја полза од победата, па Венеција го загубила Кипар и заклучила принуден мир со Османлиската империја. И покрај тоа битката кај Лепанто и другите успеси на христијаните го развеале митот за непобедливоста на османлиското оружје.

Овие настани наишле на длабок одзив кај балканските народи. Од Егејските острови, Континентална Грција, Албанија, Македонија и други делови на Балканскиот Полуостров, кои биле подостапни за флотата на европските христијански држави, започнале движења против османлиското господство. Еден од центрите на движењето за отфрлање на османлиската власт бил Солунскиот реон. На чело на заговорот застанал солунскиот митрополит Јоасаф. Тој испратил тајни извештаи до Шпанците и Венецијанците, повикувајќи ги да испратат зајакнување за христијаните во тој крај. Османлиските власти го откриле заговорот и митрополитот Јоасаф одвај се спасил со помош на голем откуп, а благодарение и на застапувањето на цариградскиот патријарх и на влијателниот Грк од Фанар-Михаил Кантакузен пред големиот везир Мехмед Соколу паша. Но, според некои известувања близу 30.000 христијани од Солунско, биле отепани или испратени на галиите како веслачи.[3]

Приближно во исто време бил подготвен и исцрпен план за востание во западните делови на Македонија и нејзините соседни земји. Овој пат иницијатор на заговорот бил охридскиот архиепископ Јоаким, кој го привлекол кон своите планови и митрополитот на Костур, како и епископите на Велес и Белград.

Во врска со овие движења венецијанскиот пратеник Марк Антонио Барбаро, кој долги години престојувал во Османлиската империја (1563-1573), по неговото враќање известувал пред Сенатот: “Сите покорени народи непријателски се настроени против османлиската власт и особено оние..., коишто се граничат со христијанските држави и се населени со население од христијанска вера...”[4]

Победата кај Лепанто предизвикала голема надеж и раздвижување на населението во балканските земји, кое пак создало погодна почва за појавата на редица проекти и планови за лесно отфрлање на османлиското господство: нужна била само мала воена помош од Венеција или друга

[3] Ibid., 90.

[4] E., Alberi - Relazion degli Ambasciatori Veneti al Senato. Ser. III. T. I, 314-315.

западна држава за да се разгори широко востание во балканските владенија на султанот. Такви проекти правеле албанскиот благородник Фр. Дукагин (1570), Влатко Козач во Далмација, грчкиот митрополит Тимотеус (1572) и др. Сличен план изложил пред венецијанските раководители еден македонски Влав - Памериано Пофострати околу 1580 година. Тој пишува, дека ја имал обиколено Херцеговина, Босна, Крушевац, Скопје, Тетово, Дебар, Битола, Кратово, Ново Брдо, Пловдив, Никопол, Видин и други места, населени со христијани. Поттикнат од "сеопштата желба и чувствата на тие народи", заедно со други местни првенци, составил план за поразување на Османлиите и ослободување на покорените. Потребно било само еден венецијански воен началник со мала група коњаници да тргне од Каподистрија; нему би му се приклучиле околу 10 илјади борци коњаници и пешаци, а навлегувајќи во земјата кон нив би се придружила безбројна војска од востанатите жители, против која не би можела да спротивстави никаква сила на Османлиите, кои би биле прогонети од онаа страна на Босфорот.[5]

Од досега кажаното може да се види дека тие планови содржале многу нереални и фантастични моменти. Истовремено не малиот број такви проекти во текот на 70-тите години на XVI век зборува, дека по продолжителниот период на османлиската надмоќ и по првите впечатливи христијански победи, не само мнозинството будни претставници на балканските жители, туку и трезвените, венецијански дипломати и набљудувачи, биле убедени, и дека со незначителна воена подршка може лесно да се предизвика масовно востание на населението во балканските земји, за протерување на Османлиите.

Интересно е да се спомене, дека италјанските современици, кои кон крајот на XVI и почетокот на XVII век патувале низ Балканот, испраќале интересни информации во своите држави за бунтовниата положба на Полуостровот. Нови подробности дава дубровничкиот трговец Павел Џорџиќ, од 11 мај 1598 година во своето писмо упатено до владетелот на Тоскана - Фердинанд. Во него се вели: "И за да биде делото уште поздраво изградено, Архиепископот и епископите, свештениците и првенците од тоа царство (Бугарија) се заколнаа во црквата пред Евангелието, дека ќе бидат согласни и приврзани кон хрстијаните (во Европа), до смрт."[6]

Кога христијанската војска се приближила до Ѓурѓево во текот на ноември 1595 година, гореспоменатиот Павел Џорџиќ со 10 коњаници го придружувал началникот на помошниот тоскански одред Силвио Пиколомина давајќи му корисни совети околу разурнувањето на турскиот понтонски мост.[7]

---

[5] Михаил Йонов, op. cit., 91.
[6] Ibid, 94.
[7] Ibid, 95.

Важно огниште на борбата против османлиското владеење кон крајот на XVI и почетокот на XVII век била Македонија, каде движењата на македонското население, биле тесно поврзани со оние на жителите на Епир, Албанија, Црна Гора и некои други западни балкански земји. Раководните дејци на овие движења правеле големи напори да го привлечат вниманието на европските државници и владетели кон балканските дела и истовремено да ги поврзат месните движења со политиката на заинтересираните европски сили.

През 1593 година, т.е по започнувањето на таканаречената “Долга војна” (1593-1606) од страна на Османлиската империја против Хабзбуршката монархија во Европа, голем број првенци и видни претставници на населението во Албанија и Македонија се собрале на тајно собрание во планинската област Мат, северно од Тирана. Тие составиле извештај до папата Климент VIII, како свој полномошник го испратиле Томазо Пелеса, шпанскиот крал и други христијански владетели. Во извештајот се посочува, дека населението во Македонија и Албанија не можело повеќе да го трпи османлиското господство и дека имало собрано 40.000 мажи, способни за решителна борба. Ним им била потребна помош во аркебузи[7a] куршуми и 15.000 добри војници. Венецијанските власти, гледајќи во тој план опасност за мирни односи на Венеција со Портата, го затвориле Пелеса.[8]

Малку подоцна, во текот на 1595 година, високи православни духовници, собрани на тајно советување во Охрид, ги пресретнале со радост вестите за победите на христијанските војски во Влашко. Заговорниците решиле да подготват востание. Востаниците стапиле во контакт со шпанската флота, која се наоѓала на спротивниот италијански брег, но адмиралот Дориа не добил одобрение од шпанската влада да ги поткрепи борците против султанската власт. Во текот на 1596 година, архиепископот Атанасиј[8a] од името на населението на својата диоцеза, пред венецијанскиот управник и воедно капетан на островот Крф, Ангел Базадона и неговиот советник Бафо го изложил подробниот план: да ја разбунтува целата земја, со помош на еден венецијански одред од 4.000 војници. Се состанале на 26 јануари 1596 година во Бутрино (Епирско пристаниште близу Крф). Атанасиј, откако ги уверил во неговата

[7a] Аркебуза - рачно огнено оружје од XV век, претходница на пушката со калибар од 12, 5-20 мм.

[8] I., 104.

[8a] За дејноста на архиепископот Атанасиј види: Славко Димевски, Црковна историја на македонскиот народ, Скопје, 1965, 72-73;

Н. Милевъ, Охридски патриарх Атанасий и скитанията му въ чужбина (1597-1615). Известия на историческото дружество, София, 1922, V, 120.

Иван Снегаров, История на Охридската архиепископия-патриаршия том 2. От падането ѝ под Турците до нейното унищожение (1394-1767). София 1995.

приврзаност кон сињоријата, им предложил, Венеција неодложно да ја заземе Албанија. Но, венецијанската сињорија и ово пат ги осуетила намерите на балканските дејци.[9]

Тежината на ропството и силната желба на народот за избавување го побудиле архиепископот охридски Атанасиј, да побара помош од шпанската влада и од нејзините потчинети владетели во Италија. Во текот на 1597 година тој се појавил пред вицекралот во Неапол, а оттаму бил испратен во Рим, каде папата не се однесол благонаклонето кон него, бидејќи откажал да ја прифати унијата со Римската црква. Потоа пак се вратил во Неапол.[10] Најпосле, придружен од прилепскиот митрополит Еремиј и еден грчки монах заминал во Прага, во резиденцијата на императорот и водачот на антиосманлиската коалиција. Кон крајот на 1598 година на австрискиот император Рудолф II му бил претставен подробен мемоар, што содржел нов план за ослободување на балканските земји: 3.000 искусни вијници да бидат тајно испратени, за да ги запознаат месните жители со воената вештина и да им достават оружје и муниција. Се предвидувало да бидат заземени Химара, Валона, Делвино и други пристаништа на јадранскиот брег, што би послужиле како база за воени дејствија. Тие сакале да го поттикнат населението на "востание во Грција, Мореја, Тесалија, Македонија, Тракија, Долна Бугарија и Дарданика". Недостатокот на пари во државната каса и ангажманот околу војната во Унгарија, не му дозволиле на Рудолф II да даде позитивен одговор и тој ги насочил балканските дејци кон шпанскиот крал, кој преку Неапол и Сицилија можел повеќе да помогне во остварувањето на планот. Снабдени со писма со препораки за шпанскиот крал и за управникот на Нидерландија, архиепископот Атанасиј и митрополитот Еремиј тргнале за Шпанија во текот на зимата на 1599 година, преминувајќи преку Швајцарија за Италија. Меѓутоа, тие биле уапсени во градот Комо и затворени, веројатно поради тоа што нивната мисија била противречна на политичките интереси на Венеција и на папскиот двор. Оттаму избегале преку Цирих и Тибинген, каде што наишле на гостољублв прием, па оттаму двајцата повторно се вратиле во Прага. Таму бил подготвен втор мемоар, во кој се уверувал императорот, дека христијаните се готови "да го дигнат оружјето против Турчинот", и дека треба да биде поткрепено започнатото дело.[11]

Во текот на првите две десетлетија на XVII век надежта на балканските народи да се избават од ропството сè уште не згаснувала и барања-

[9] Христо Андонов-Полјански, За македонско-италијанските односи во минатото. Собрани дела, 3, Скопје, 1981, 565.

[10] Кочо Сидовски, Италија и Македонија од крајот на XIX век до 1909 година, Скопје, 1994, 10.

[11] Михаил Йонов., op. cit., 105.

та на месните дејци, се испреплетувале со политичките иницијативи на некои европски владетели и авантуристи. Во текот на 1600-1601 година, мнозина духовни раководители и световни првенци од Грција, Албанија, Бугарија, Македонија, Србија се обраќале со барања за помош до шпанскиот крал. Како главни посредници во тие врски биле вицекралевите на Неапол и Сицилија. Малку подоцна на прво место во тој однос избива савојскиот крал карло Емануел I, кој во текот на 1607-1608 година одржувал врски со пеќкиот патријарх Јован, со војводата Грдан и со други "вождови" и "првенци" (Capi), организатори на заговори во балканските земји.[12]

Во текот на 1615 година, на политичката сцена повторно се појавува нескротливиот деец за ослободување на балканските народи охридскиот архиепископ Атанасиј, кој заедно со двајца пратеници од од бунтовната грчка област Мани се појавил во Неапол. Тој му претставил на вице кралот кратко излагање, што содржело нов план за протерување на Османлиите: со 5-6 илјаден одред помошна војска, Архиепископот се зафаќал да ги дигне на оружје против Османлиите сите подјармени народи на Балканот. Вице кралот не ја дал својата согласност, но замислата на Атанасиј била обновена од сицилијанскиот херцег Д'Осуна којшто сам се подготвувал за поход и формирал лига за војна против Османлиската држава. Но, загубата на довербата на шпанскиот кралски двор и враќањето на Д'Осуна во Шпанија, станале причина да се урнат и тие последни планови на охридскиот архиепископ.[13]

Од погоре кажаното, можеме да заклучиме дека овие моменти од македонско-италјанските односи од овој период се интересни од повеќе аспекти. Прво, тие чинат значаен момент од меѓусебните односи во целина; второ, тие ги регистрираат високите цели на преземените акции да се помогне ослободителната кауза на македонскиот народ.

---

12 Ibid., 105-106.

13 Jd., 106; Христо Андонов-Полјански, op. cit., 565; Кочо Сидовски, op. cit., 10.

Kočo SIDOVSKI

# INSURRECTIONARIES MOVEMENTS ON THE BALKANS AND MACEDONIA IN THE COURSE OF XIV AND THE BEGINNING OF XVII CENTURY AND THE ITALIANS STATES

(Summary)

The Ottoman occupation of Macedonia seriously reflected on the position of the Macedonian people. Through the organazing of rebellions and insurrections Macedonian people had shown their aspirations for freedom. Besides the forms of armed resistence some of the outstanding macedonians leaders had used antiottomanic disposition in Europe and made efforts to synhronize it with insurrectionaries actions in Macedonia against Ottoman Empire. Some of the Italian states (Pope state, Genoa, Venice, Naples etc.) supported these actions. One of the most important initiator from Macedonia for seeking help from Italians states for Macedonian cause was Ohrid archbishop Athanasius who hold negotiations with Venice. Generally macedono-italians relationship in this period records the highest goals of undertaken actions to help the liberating cause of the Macedonian people.